**20232484351**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22 и 65/23), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 24 ноември 2023 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2023 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.30/23, 42/23, 110/23, 138/23 и 149/23) во членот 4 во точката 1 бројот „1.15.“ се брише.

По точката 1 се додава нова точка 1-а која гласи:

„1-а. До 1 декември 2023 година за подмерката 1.15. од членот 2 став (2) од оваа уредба.“.

Во точката 2 по зборовите „31 октомври 2023 година“ се додаваат зборовите „ ,како и до 25 декември 2023 година“.

Член 2

Прилогот 4 се заменува со нов Прилог 4, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-12260/3
24 ноември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

**Прилог 4**

Максимални приноси на одделни градинарски култури

| Градинарски култури | На отворено во тони на хектар | Во заштитен простор во тони на хектар (освен кај кромид) |
|---|---|---|
| Диња | 40 | 60 |
| Лубеница | 80 | 120 |
| Домат | 80 | 130 |
| Пиперка | 50 | 120 |
| Модар патлиџан | 80 | 120 |
| Зелка | 80 | 120 |
| Карфиол | 30 | 90 |
| Компир | 15 | 32 |
| Корнишони | 40 | 60 |
| Кромид | 60 | 15кг/м2 (млад кромид) |
| Праз | 50 | 120 |
| Морков | 40 | 80 |
| Цвекло | 60 | 60 |
| Спанаќ | 25 | 40 |
| Тикви | 40 | 60 |